# ПОРАКА

Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост Број 4 година XXXI

Декември 2018 г.



## СРЕЌНИ НОВОГОДИШНИ И БОЖИЌНИ ПРАЗНИЦИ

Социјални активности на корисниците на социјалниот клуб - ПОРАКА Штип

## СОДРЖИНА

2 страна
***Активности на Обединети нации за Меѓународниот ден на лицата со попреченост***

3 - 6 страна
***Централно одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост***

6 страна
***Плакета за ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица***

7 - 12 страна
***Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост***

13 страна
***Работилница за SWOT анализа на локалните организации***

14 страна
***Активности на ЕДФ - Европски форум за попреченост***

15 страна
***Активности на ЕАСПД - Европска асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост***

16 страна
***Наша страница***
***Театарски мултимедијален перформанс ОКСИГЕН***

***"ПОРАКА"***
*Гласило на Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА*
**Гласилото излегува секои 3 месеци**

***Главен и одговорен уредник:***
**Виолета Димоска**

***Уредувачки одбор:***
**Василка Димоска**
**Владо Крстовски**
**Маја Ѓацоска**

***Печати:***
*Дата Понс, Скопје*
Тираж 1.000 примероци
**Декември 2018 г. Број 4, год. XXXI**

Адреса на РЦПЛИП - ПОРАКА:
"Орце Николов" бр. 122, 1000 Скопје;
тел.: 329 69 61; факс: 329 69 60
E-mail: **poraka@t-home.mk**
Web: **www.poraka.org.mk**

**Според Министерството за култура на РМ, со одлука 07-2613/2, за гласилото ПОРАКА се плаќа повластена даночна стапка од 5%.**

***Дадените согледувања и употребуваната терминологија во одредени написи од одредени автори не го одразуваат официјалното мислење и ставови на РЦПЛИП - ПОРАКА.***

# Активности на Обединети нации

## 3 декември, Меѓународен ден на лица со попреченост
## Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост

Од 1992 година, Меѓународниот ден на лицата со попреченост секоја година се одбележува на 3 декември низ целиот свет. Темата на овогодинешниот меѓународен ден е „**Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост**". Оваа тема се фокусира на оспособувањето на лицата со попреченост за инклузивен, рамноправен и одржлив развој кој е предвиден во 2030 Агендата за одржлив развој.

2030 Агендата, која ветува дека „нема да остави никој зад себе" е амбициозен план за акција на меѓународната заедница кон мирен и просперитетен свет, каде што како основен принцип се применува достоинството на поединецот и еднаквоста меѓу сите, пресекувајќи низ трите столба на дејствување на Обединетите нации: развој, човекови права и мир и безбедност. Во таа насока, од суштинска важност е да се обезбеди целосно и еднакво учество на лицата со попреченост во сите сфери на општеството и да се создадат поттикнувачки опкружувања од, за и со лицата со попреченост.

Повеќе од половината од светското население сега живее во урбаните области. До 2050 година, таа бројка ќе порасне до 6,5 милијарди лица. Одржливиот развој нема да може да се постигне без значајни трансформации во начинот на кој го градиме и ги раководиме нашите урбани простори. 2030 Агендата дава огромна важност на прашања поврзани со одржливата урбанизација, особено во Цел 11: градовите и населбите да се направат инклузивни, безбедни, флексибилни и одржливи. За време на Конференцијата на ОН за домување и одржлив урбан развој (Habitat III), која што се одржа во Кито, Еквадор во 2016 година, се препозна важноста од усвојување на пристап за паметни градови кој ги користи можностите од дигитализацијата, чистата енергија и технологиите, како и иновативни транспортни технологии, со што им се овозможува на градовите да ја подобруваат испораката на услуги. Значајно е тоа што се увиде дека идните градови и основните урбани инфраструктури и сервисни служби треба да бидат попристапни и инклузивни за сите потреби на луѓето.

Во утринскиот дел од програмата за одбележување на меѓународниот ден на лицата со попреченост, се презентираше Водечкиот извештај на ОН за попреченост и развој на тема „Реализација на целите за одржлив развој, од, за и со лицата со попреченост". Публикацијата ја презентираше Elliott Harris, асистент на Генералниот секретар на ОН, за економски развој. Во текот на сесијата се направи преглед на постигнатиот напредок, се истражуваа начини за понатамошно зајакнување на лицата со попреченост и се даде преглед на меѓународната рамка во однос на имплементацијата на 2030 Агендата за целите за одржлив развој, во согласност со Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост. На сесијата присуствуваа државите членки, агенции на ОН, граѓански организации, академски институции и лица со попреченост. Во попладневната сесија, се говореше за „Пристапни градови за сите: паметно и инклузивно урбано планирање", како клучни елементи за намалување на нееднаквостите и зајакнувањето на лицата да живеат во пристапни, корисни и пријателски, и здрави средини. За време на сесијата, се говореше за 11-тата цел за одржлив развој од 2030 Агендата за одржлив развој со што им се даде простор на градоначалниците, лидерите на градовите да разменуваат иновативни решенија за тоа како да се имплементираат целите за одржлив развој и да се разменуваат добри практики за инклузивното урбано планирање со цел да се овозможи учество и добросостојба на граѓаните од сите возрасти и способности. Потоа, се разговараше за паметни инклузивни средини и како да се применуваат информатичките и комуникациските технологии за да се овозможи подобра инфраструктура, квалитетни сервисни служби во безбедна пристапна средина.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на централното одбележување

# Одбележување на 3 декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост

# Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост

***Лицата со попреченост бараат отстранување на сите видови бариери, меѓу кои и физичката непристапност до институциите, бараат поголема инклузивност во образованието, пристап до здравствени услуги, развој и поголема достапност на нови сервисни служби за поддршка, подигнување на капацитетот на сите институции, како и подигнување на јавната свест и отстранување на дискриминацијата и стигматизацијата.***

Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА се вклучи во заедничкото одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост заедно со Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, како негова членка, Владата на Република Македонија и Националното координативно тело за имплементација на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост.

Одбележувањето на Меѓународниот ден на лицата со попреченост се одржа во свечената сала на Владата на Република Македонија. Темата беше „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". Обраќања имаа Претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, Националниот координатор за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост, Спасе Додевски, шефот на делегацијата на Европската Унија, Самуел Жбогар и претставник на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Чедомир Трајковски.

Во своето обраќање премиерот Зоран Заев истакна дека основното начело на оваа Влада е признавање на вроденото достоинство и вредност и еднаквите неотуѓиви права на сите членови на нашата заедница, како темел на слободата, правдата и мирот во светот.

„Сензибилитетот и позитивната енергија што ја шират лицата со попреченост никого не оставаат рамнодушен. Од нив зрачи посебна аура и таа навистина тешко може да се опише со зборови. Секој еден од нив е посебен на свој начин, но секој заслужува еднаква шанса и еднаква можност за остварување на своите права. Основното начело на оваа Влада е признавање на вроденото достоинство и еднаквите неотуѓиви права на сите членови на човековото семејство, како темел на слободата правдата и мирот во светот. Затоа се залагаме и работиме на создавање еднакво општество за сите", рече премиерот Зоран Заев.

„Се залагаме и работиме на создавањето на еднакво општество за сите. Како држава, на 30 март 2007-мата година ја потпишавме, а на 5 декември 2011-тата година ја ратификувавме Конвенцијата за правата на лицата со попреченост. Конвенцијата претставува прв меѓународно правен и обврзувачки инструмент преку



којшто се утврдуваат минимум стандарди за правата на лицата со попреченост", истакна премиерот Заев.

Тој потсети на признанието што беше оддадено на Република Македонија од Комитетот за правата на лицата со попреченост на Организацијата на Обединетите Нации, кој ја препозна нашата земја како една од оние која прави крупни позитивни промени за остварување на правата на лицата со попреченост.

Премиерот Заев ја истакна заложбата на Владата на РМ за инклузивност во креирањето политики и нагласи дека Акциониот план којшто ќе придонесе за забрзано спроведување на насоките од Конвенцијата, пред неколку месеци го подготви Националното координативно тело во соработка токму со граѓанските здруженија на лица со попреченост.

„Сите ние што сме денеска тука, мора да работиме тимски, за да ја исполниме целта на овогодинешното мото на меѓународниот ден на лицата со попреченост „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". Бидејќи, навистина се огромни придобивките од интегрирањето на лицата со попречености во секој сегмент на општеството. Уште минатата година ги олеснивме условите за користење на правото за паричен надоместок по неколку основи и ги зголемивме средствата коишто едно семејство со дете со попреченост може да ги добива", истакна во своето обраќање премиерот Зоран Заев.

Министерката за труд и социјална политика, Мила Царовска, истакна дека особено и е драго што денеска на меѓународниот ден на лицата со попреченост

# Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на централното одбележување



повеќе нема деца од 0-18 години во Демир Капија. Последната група деца замина од заводот и е сместена во мал групен дом во Скопје.

„Сметам дека овој ден е многу важен во пребројувањето на она што сме го направиле досега. Она што можам да кажам дека на барање на родителите од 2019 година со новиот Закон за социјална заштита, правото за попреченост се проширува и за лицата со интелектуална попреченост. Додатокот за надоместок за плата за скратено работно време за родител кој чува дете со попреченост се зголемува на 50% од просечна нето плата. Воедно се воведува таканаречен траен надоместок за родител, кој се грижел за детето со попреченост до неговата 26 годишна возраст, коешто не било сместено во институција. Ќе може да го користи секој родител којшто не работи по наполнување на 62 години за жена, односно 64 години за маж", информираше Царовска.

И националниот координатор Спасе Додевски истакна дека и улогата која меѓународните организации како што се ОБСЕ, УНИЦЕФ и УНХЦР е битна во целокупниот напор кој се прави за инклузија на сите граѓани во сите процеси во општеството.

„Најголемата гордост и придобивка, како основен принцип и на Претседателот на Владата на Република Македонија, на Владата на Република Македонија како и на националниот комитет за имплементација на Конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост е градење партнерство со лицата со попреченост, преку невладините организации со која соработка заедно, полека но сигурно, ги рушиме бариерите кон зацврстувањето, инклузијата и еднаквоста."

На овој настан свое обраќање имаше и шефот на делегацијата на Европската Унија во Република Македонија, Самуел Жбогар кој истакна дека лицата со попреченост имаат право на еднаков пристап до образование, вработување, здравствен и социјален и културен живот на иста основа како и лицата кои немаат никаква попреченост.

Свое обраќање имаше и претставникот на Националниот совет на инвалидски организации на Македонија, Чедомир Трајковски кој истакна дека поддршката едни на други е суштинска во создавањето еднакво општество за сите. Во продолжение го презентираме целосното обраќање на претседателот на РЦПЛИП – ПОРАКА, Чедомир Трајковски.

Поводот што денес сме овде е одбележување на 3ти Декември, Меѓународен ден на лицата со попреченост. Да ве потсетам дека на 4 октомври 1992 година Генералното собрание на ОН со резолуцијата 47/93 го прогласи 3ти Декември за меѓународен ден на лицата со попреченост и од тогаш па до денес секаде во светот па и кај нас на пригоден начин се одбележува овој ден и тоа по темите кои за секоја година ги определува ОН.

Темата за оваа година е **ЗАЈАКНУВАЊЕ на лицата со попреченост и обезбедување на нивна инклузивност и еднаквост**.

**Националниот сојуз на инвалидски организации на Македонија** и неговите членки континуирано се залагаат за соодветна имплементација на одредбите од Конвенцијата на Обединети нации за правата на лицата со попреченост, за чија огромна важност сметам дека сите сме свесни. На 20-та Сесија на Комитетот на Обединетите нации за правата на лицата со попреченост одржана во септември 2018 година, Република Македонија доби можност да ги презентира состојбите во однос на правата на лицата со попреченост и од страна на Комитетот на ОН доби голем број препораки за унапредување на состојбите. Во продолжение се осврнувам на неколку приоритетни области за делување, согласно препораките од Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост и искажаните потреби на членовите на националните асоцијации на лица со интелектуална попреченост, телесна инвалидност, слепи и глуви лица.

За сите деца и лица со попреченост се заеднички правата на квалитетно инклузивно образование на сите нивоа, пристапност, соодветен животен стандард и подобра социјална заштита, вработување, пристапна и достапна здравствена заштита, социјални услуги за поддршка во заедницата, како и намалување на предрасудите и подигнување на јавната свест за правата и потребите на сите лица со попреченост.

Ќе започнам со **недискриминација и подигнување на јавната свест**. Отсуствуваат континуирани акции за информирање на јавноста за правата и потребите на лицата со попреченост, како на национално така и на локално ниво. Иако постои одреден напредок во поглед на предрасудите, за жал, мора да кажеме дека се уште постои висок степен на предрасуди. Од овие причини, препорачуваме спроведување на позитивни кампањи за прикажување на лицата со попреченост како еднакви граѓани во општеството, како и целосна имплементација на анти-дискриминациската легислатива.

Во однос на **пристапноста,** потребно е задолжителна примена на законската рамка и стандардите за пристапност во сите области (особено за јавни објекти, транспортни услуги, јавни услуги), како и строги санкции за оние кои нема да ги применат. Информациите и комуникациите треба да се во пристапен формат, како што е Брајовата азбука, пристапни електронски формати, тактилно препознавање, формат лесен за читање и знаковниот јазик. Како пример, може да ги наведеме потребите за надминување на

# Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на централното одбележување



архитектонските бариери од страна на лицата со телесна инвалидност и поставување на звучни семафори и тактилни патеки за лицата со оштетен вид. Глувите лица се уште се соочуваат со потешкотии при користење на знаковниот јазик како основен начин на комуникација за нив, истиот не се применува доследно, посебно од државните установи и министерства. Информирањето на глувите лица преку електронските медиуми, вклучувајќи го јавниот сервис е многу ограничено и програмските содржини не се толкуваат на знаковен јазик. За лицата со интелектуална попреченост скоро и да не се употребува форматот кој е лесен за читање и разбирање. Апелираме државата да го ратификува **Договорот од Маракеш** (чие неофицијално име е Глад за книгата) кој им го обезбедува основното право на слепите и слабовидните лица - правото да читаат, односно им овозможува достапност на пишаните материјали во пристапни формати како брајово писмо, аудио материјали и голем формат.

**Во делот на образованието,** очигледно е дека се уште се дозволува сегрегација на учениците со попреченост и се уште постојат сегрегирани образовни средини и начини на работа во градинките и училиштата, особено за учениците со интелектуална попреченост. Законската рамка треба да се ревидира и јасно да промовира инклузивно образование, попреченоста да се вклучи како основ за дискриминација во образовниот процес, а одбивањето на разумно прилагодување да се забрани како форма на дискриминација по основ на попреченост. Потребно е да се обезбеди соодветна поддршка, ресурси и квалификувана обука за наставниците и помошниот персонал, за да се поттикне инклузијата, да се обезбеди универзална пристапност до образовните простории, вклучувајќи ги и универзитетите. Пример за проблеми во образовниот процес за глувите деца е повторно примената на Законот за знаковен јазик. Голем проблем е недоволниот број на толкувачи на знаковен јазик. Дополнително, во средното образование се уште се изучуваат застарени занимања кои се несоодветни на пазарот на труд. Високото образование е практично недостапно поради архитектонските бариери, дополнително за глувите лица поради пречките во комуникацијата, за слепите лица поради немањето пристапни формати и образовни асистенти.

**Во однос на правото на здравствена заштита,** утврден е недостаток на специјализирани услуги за деца и лица со попреченост, служби за рана идентификација и интервенција, како и несоодветна физичка пристапност на здравствените институции. Отстранувањето на архитектонски бариери до здравствените центри и обезбедувањето информации во пристапни формати е приоритет. Пристап до бесплатна здравствена заштита и третман да не се ограничува со возраст, односно да биде достапен и за лица над 26 годишна возраст.

Државата треба да обезбеди достапност до сите потребни здравствени услуги за лицата со попреченост (вклучувајќи услуги за сексуално и репродуктивно здравје), како и обука на здравствените работници за пристап кон лицата со попреченост базиран на човековите права.

Потребно е да се донесат здравствени протоколи со цел да се обезбеди правото на лицата со попреченост за бесплатна и информирана согласност за здравствени третмани и интервенции.

**Ортопедските помагала** се важен фактор кога говориме за социјална инклузија и еднакви можности на лицата со телесен инвалидитет и се единствена можност за вертикализација и придвижување на лицата со потежок степен на телесен инвалидитет, можност да почувствуваат дека се дел од заедницата, со заеднички идентитет и вредност. Еднакво важно е и квалитетот на материјалот од кој се изработени помагалата, со каков дизајн, цврстина и издржливост и колкави се роковите за нивна употреба. Искрено се надеваме дека овој денешен настан ќе придонесе кон забрзување на постапката од страна на **ФЗОМ за донесување на новиот Правилник за индикации за остварување на право на ортопедски и други помагала**, новиот Список на ортопедски помагала со вклучени пософистицирани и пофункционални компоненти, како и промена на Правилникот за методологија на формирање на референтни цени на ортопедските помагала (со која ќе се пресметува средната цена од референтните држави, а не најниската цена како што е сега), со што значително ќе се олесни самостојното и безбедно движење и престој на лицата со телесен инвалидитет кои за движење исклучиво користат ортопедски помагала.

**Со новиот предлог Закон за социјална заштита**, се воведуваат неколку позитивни решенија како што е дефиницијата за лица со попреченост која е преземена од Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и воведувањето на услуги за поддршка во домот - лична асистенција и помош и нега во домот, привремен престој во кризни ситуации, одмена на семејна грижа, куќа на пола пат, признавање на роднинското згрижување како услуга.

Ја разбираме потребата од промената на законската рамка со цел обезбедување на адекватен животен стандард за ранливите групи на граѓани, но сепак потребно е внимателно да се процени влијанието кое промените во однос на надоместоците ќе го имаат врз животот на лицата со попреченост. На пример, со предлог законот се предвидува доколку лицето користи надоместок заради попреченост истовремено да не може

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА во рамките на централното одбележување

да користи надоместок за помош и нега од друго лице, што не беше случај досега едниот надоместок да го исклучува другиот. Овие два надоместоци се суштински различни според целта за која се даваат, едниот заради неможноста самостојно да се задоволат основните животни потреби, а другиот за поттикнување на социјална инклузија. Дополнително, намалување на износот на надоместокот заради попреченост до најмногу 50% доколку лицето користи услуга (во домот и заедницата) може да доведе до голем ризик и опасност лицата да останат во своите домови и да не користат услуги за да го добиваат целосниот износ на надоместокот, што е спротивно на целта на надоместокот - односно поттикнување на социјална инклузија.

Увидуваме дека **деинституционализацијата и развојот на сервисни служби во заедницата** се висок приоритет на актуелната влада. Новата Национална стратегија за деинституционализација 2018-2027 ги формулира приоритетите во амбициозен акционен план, но постои голема загриженост за имплементацијата на преодот од институционална грижа во грижа во заедницата, особено во полето на сервисните служби за поддршка кои би овозможиле самостојно живеење на лицата со попреченост.

Покрај очигледниот недостиг на сервисни служби за поддршка во заедницата, постојните сервисни служби не секогаш го следат пристапот на човекови права.

Вистинските персонализирани сервисни служби, како што се персонална асистенција или помош во домот, се уште недостасуваат или се во своја иницијална пилот фаза.

Затоа, државата треба да обезбеди соодветни човечки, финансиски и технички ресурси за целосна имплементација на деинституционализацијата, особено за имплементација на транзицијата кон услови за независно живеење, да додели доволно ресурси да се обезбеди персонална асистенција и да осигура дека услугите во заедницата се достапни, пристапни, приспособени и квалитетни, со цел да овозможи лицата со попреченост да го практикуваат своето право да живеат независно и да бидат вклучени во заедницата. Свесни сме дека ова е тежок и долгогодишен процес, но уште повеќе сме свесни дека е потребна цврста заложба од државата за да се избегнат можни ризици.

Ќе ја цитирам мудрата изрека на Пабло Пикасо: „Кој сака да направи нешто, бара начин, а кој не сака ништо да направи, бара оправдување".

**Еднаквото признавање пред законот** е една од најважните области во која треба сериозна акција од страна на државата. Засега, законската рамка со која се регулира деловната способност на лицата со попреченост го одзема или ограничува правниот капацитет на лицата со попреченост. Постоечкиот систем на старателство резултира со рестрикции во носењето на одлуки и правото на избор од страна на самите лица со попреченост. Затоа е потребно укинување на сите дискриминаторни одредби кои дозволуваат одземање на деловната способност врз основа на попреченост и развивање на механизми за поддршка при носење одлуки кои ги почитуваат автономијата и волјата на засегнатото лице.

Лицата со попреченост и нивните организации мора да бидат вклучени во мониторинг на имплементација на Конвенција на Обединети Нации за права на лица со попреченост, независно тело во рамки на канцеларијата на Народниот Правобранител со сите потребни ресурси со цел ефективно да ја постигне својата улога, а во согласност со посочената конвенција и познатото мото **"Ништо за нас - без нас"**.

И ако веќе велиме дека сакаме да создадеме еднакво општество за сите, тогаш да се потрудиме да го направиме тоа да биде и еднакво добро и еднакво пристапно и за физички и интелектуално нееднаквите граѓани. И да не заборавиме дека сите ние во еден дел од нашиот живот стануваме лица со попреченост на кои им се потребна одредена помош и поддршка.Кај некои тоа се случува од самото раѓање, кај некои во текот на животот. Затоа да не бараме разно-разни причини туку да се обидеме сега сите ние, тука кај што сме со тоа што го имаме како ресурс, да направиме се што е во наша можност, за да им го подобриме и олесниме живот на овие лица, бидејќи тие тоа од нас со право го очекуваат.

Не случајно некој умен човек рекол „дајте ми да видам каде и во какви услови живеаат лицата со попреченост па ќе ви кажам за какво општество станува збор"

## Плакета за ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица

Во рамките на своите активности за одбележување на Меѓународниот ден на лицата со попреченост, Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА додели плакета на Центарот за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Струмица по повод 3-ти Декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост.

Плакетата е доделена како израз на признание за постигнатиот организациски развој и успешно реализираните активности за остварување на правата на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво.



# Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост

**ЦПЛИП – ПОРАКА Штип** го одбележа 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост со повеќе активности, а во рамки на темата дадена од Обединетите нации: „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". На 23.11.2018 година во ООУ „Гоце Делчев" се одржаа спортски игри во кои активно учество зедоа членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип и ученици од ова училиште. Воедно оваа манифестација беше искористена за да му се врачи Благодарница на директорот на училиштето за успешната соработка и поддршка дадена во реализацијата на дел од активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. На 30.11.2018 година во 18:00 часот во Уметничката галерија „Безистен" Штип беше отворена изложба на ракотворби и цртежи на членовите на ЦПЛИП -ПОРАКА Штип. На овој културно - уметнички настан, збогатен со содржини од хорско пеење, инструментална изведба, модерен балет и фолклор, учество зедоа членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип заедно со ЗГ Градскиот хор од Штип. Исто така, членовите на ЦПЛИП -ПОРАКА Штип заедно со школата за фолклор при Академијата ЕУРОАРТ се претставија со репертоар од игри и песни. Потоа следеше настап на балетската група Гет фит, а во дел од настапот се приклучија и членови од ЦПЛИП - ПОРАКА Штип. На настанот присуствуваа претставници од општина Штип, Претседателот на Советот на општина Штип, претставници на бизнис секторот, претставници од училиштата во општината, ученици од ДСУ „Искра", како и многубројни граѓани, поддржувачи на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип. Воедно, во текот на настанот се доделија Благодарници на сите оние институции и организации кои во текот на изминатата година дале придонес за инклузивен, рамноправен и еднаков третман на лицата со интелектуална попреченост. На 3.12.2018 година, во просториите на ЗИО – Штип се одржа средба со градоначалникот на општина Штип, Благој Бочварски, и претставници на локалната самоуправа. На средбата се укажа на потребите и проблемите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост во секојдневното живеење, како и предлози со решенија за нивно надминување. На 4.12.2018 година членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Штип присуствуваа на мултимедијалниот концерт „Види ме" кој се одржа во Македонската филхармонија во Скопје, а во изведба на ученици со оштетен вид од ДУРМОВ „Димитар Влахов" со поддршка од ученици од МБУЦ „Илија Николовски – ЛУЈ". Сите настани беа медиумски покриени од ТВ Стар, ТВ Ирис и Канал плус.

Во рамките на одбележувањето на 3ти Декември, **ЦПЛИП – ПОРАКА Битола** во својата програма реализираше неколку активности во соработка со Педагошкиот факултет од Битола, Црвен крст - Битола, и одделот за Трансфузиологија - Битола. На 28.11.2018 година во просториите на Социјалниот клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола беше одржано предавање за основните елементи на доброволното дарување крв, а со цел поттикнување на младата популација како идни крводарители пред присутните членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и пред поканети млади гости од др. Дијана Димитрова - регионален центар Битола. На 3.12.2018 година во организација на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола и Педагошкиот факултет Битола (Проф.Др Марија Ристевска, и Проф.Др. Билјана Граматковски) од 10:00 до 11:30 часот беше одржан настан со мото „Под ова небо исти сме 2" во амфитеатарот на факултетот. За време на настанот со посебен елан и гордост успеавме да ги покажеме талентите, вештините и ракотворбите на лицата со интелектуална попреченост, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола. Следеше разговор за дискриминацијата, предизвиците и проблемите со кои лицата со интелектуална попреченост и нивните родители се соочуваат во секојдневниот живот. После завршувањето со дискусијата која се разви меѓу присутните, членови на ЦПЛИП - ПОРАКА Битола настапија со изведба на музички точки во придружба на хармоника. Во продолжение на настанот, во читалната на факултетот се одржа изложба на цртежи - тетоважи од нашиот Васко Војновски, цртежи од Никола Ристевски, како и творби од корисниците во Социјалниот клуб, односно она што се работеше во текот на годината. Во рамките на одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со попреченост, а во соработка со Црвен крст – Битола, во





## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола беше организирана втората по ред Крводарителска акција при што беа донирани 13 крвни единици, со присутност на 25 крводарители, а во дарувањето учествуваа и волонтери на ЦПЛИП – ПОРАКА Битола.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп**, 3-ти декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост, го одбележа во просториите на социјалниот клуб. Одбележувањето започна во 13 часот, а присутни беа директорот на Центарот за социјална работа, директори и претставници од основните и средните училишта, родители на лица со попреченост и корисниците на социјалниот клуб. Настанот го водеше Филип Иваноски, ученик во Средното медицинско училиште и кој што е активно вклучен во реализирање на активностите во клубот. На настанот говореа претседателот на ЦПЛИП - ПОРАКА Прилеп, потоа волонтерот во социјалниот клуб, Александра Димеска, која ги прикажа активностите кои што ги реализираат корисниците во социјалниот клуб и укажа на потребите за да овој социјален клуб премине во дневен центар. На видео-бим беа прикажани активности реализирани во социјалниот клуб. Следуваше презентација за Статусот на лицата со попреченост во општеството презентирани од ученикот Филип Иваноски. Дајте ни крилја - дело на Ивона Дамеска лице со церебрална парализа беше презентирано од страна на корисници од социјалниот клуб Васе Матевска, Сара Героска и Марија Јосифоска. На крајот Давид Аљакоски брат на лице со интелектуална попреченост изведе своја точка на синтисајзер така што направи одлична забава на која што уживаа сите присутни. На крајот се доделуваа благодарници за сите оние кои ја даваат целосната поддршка и помош во реализирање на сите активности во клубот. Во одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со попреченост се вклучија и локалните медиуми, кои ги пренесоа пораките на ЦПЛИП – ПОРАКА Прилеп и неговите членови во јавноста.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија**, овогодинешното одбележување на 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост го одбележа со организирање на јавна трибина на тема: „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост. Трибината се одржа во просториите на ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија, а присутни беа градоначалникот на општина Гевгелија, Сашо Поцков, други претставници од локалната самоуправа, соработници од институциите на локално ниво, членови на организацијата и други заинтересирани граѓани. Дискусијата започна со начините за инклузивен, рамноправен и одржлив развој во заедницата. Се потенцираше потребата од урбан развој на општина Гевгелија, безбедни и пристапни улици и тротоари, одбележување на паркинг простор за моторни возила на повеќе места во градот. Трибината продолжи со разговор за тековниот процес на деинституционализација во нашата држава, за правото на самостојно живеење и вклученост во заедницата со можности за избор на сервисни служби за поддршка во заедницата и во домашни услови. Преку дискусијата на локалните власти повторно им се укажа од потребата од постоење различни облици на сервисни служби за поддршка во местото на живеење. Се потенцираше обезбедувањето на еднаков пристап до инклузивното образование и до можностите за вработување на лицата со интелектуална попреченост. На крајот од трибината, присутните имаа можност да ја разгледаат поставената изложба од ракотворбите на лицата со интелектуална попреченост, членови на социјалниот клуб во ЦПЛИП – ПОРАКА Гевгелија.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар**, во соработка со СОУ „Крсте Петков Мисирков", а под покровителство на градоначалникот Марјанче Стојановски и со поддршка од Советот на Општина Демир Хисар, на 27.11.2018 год., во просториите на СОУ „Крсте Петков Мисирков", Демир Хисар свечено го одбележаа 40 годишниот јубилеј од своето делување, а воедно го одбележаа и меѓународниот ден на лицата со попреченост. За 40 годишното делување на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар зборуваше г-дин Љубе Димчевски, претседател на организацијата. Центарот е формиран на 26-ти ноември 1978 година, а од 2003 година опстојува под името Центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост - ПОРАКА Демир Хисар. ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар учествуваше во сите активности кои ги спроведуваше РЦПЛИП - ПОРАКА, меѓу кои поголем број кампањи самоиницијативно на локално ниво преку организирање на конференции, трибини, работилници, манифестации, конкурси за литературни и ликовни творби.

Соработката со локалната самоуправа е задоволителна преку дадената поддршка. Исто така, се нагласи дека соработката во изминатиот период беше на високо ниво и со општинските училишта, со Фондот за здравство, Фонд за пензиско и инвалидско осигурување, ЈЗУ Здравствен дом и Психијатриската болница, Јавни претпријатија, приватниот бизнис сектор како и поголем број Здруженија на граѓани од општината.

Најзначајно е тоа што ЦПЛИП - ПОРАКА, Демир Хисар обезбеди простории за работа и отвори социјален клуб за лицата со тешка и умерена попреченост", - истакна Димчевски. На одбележувањето беа присутни градоначалникот Стојановски, директори на Јавни установи, локални институции, родители, ученици и здруженија на граѓани. Присутните ги поздрави г-дин Марјанче Стојановски, градоначалник на Општина Демир Хисар, кој рече дека особена чест и задоволство е да се биде дел од овој голем јубилеј - 40 години успешна и активна опстојба на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар.



# Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

„Треба да бидеме и да се однесуваме подеднакво одговорни кога е во прашање интеграцијата во општеството на лицата со попреченост и да создаваме нови можности и тие да го дадат својот придонес во општеството до оној степен до кој можат. Нашата поддршка е скромен придонес во активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар, но е чесен придонес и показател колку ние како општина сме посветени на решавањето на проблемите и специфичните потреби на лицата со интелектуална попреченост. Општина Демир Хисар ќе продолжи да обезбедува поддршка во рамките на своите можности, поддршка во човечки ресурси и друг вид организационо - техничка помош на активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар. Ви го честитам четиридецениският јубилеј и претстојниот Меѓународен ден на лицата со попреченост, 3 декември и Ви посакувам добро здравје, лична среќа и радост во вашите семејства", - истакна градоначалникот Стојановски.

На свечената церемонија пред присутните се обрати и директорот на Центарот за социјална работа - Демир Хисар, Димче Митревски кој истакна и посебно ја акцентираше соработката со Центарот при откривање на лицата со интелектуална попреченост преку посебни стручни комисии. За успешната долгогодишна соработка помеѓу СОУ „Крсте Петков Мисирков" и ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар, накратко говореше директорката на училиштето Лозановска која потенцираше дека и во иднина ќе продолжи соработката согласно потпишаниот Меморандум. Како израз на признание за успешна соработка во спроведувањето на програмските активности на подрачјето од Општина Демир Хисар, доделени беа и плакети на РЦПЛИП - ПОРАКА и Општина Демир Хисар. На долгогодишните членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Демир Хисар и за нивна долгогодишна активност доделени се признанија на Јован Трајковски и Љубе Димчевски. За долготрајната соработка и поддршка на активностите на ЦПЛИП - ПОРАКА Демир Хисар во унапредувањето на човековите и другите права на лицата со интелектуална попреченост, доделени беа благодарници на сите активни чинители во општината кои дале свој придонес во унапредување на правата на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво. Во рамките на одбележувањето на овој јубилеј беше распишан конкурс за ликовни и литературни творби на тема: „Подигни ја надежта". Пристигнатите творби и цртежи беа разгледани од посебни комисии каде што беа прогласени наградените. На крајот присутните ја разгледаа изложбата направена од ликовните творби пристигнати на конкурсот.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица** оваа година го одбележа 3-ти Декември – Меѓународниот ден на лицата со попреченост со повеќе активности на 3.12.2018 г. (понеделник), а планирани се активности за одржување и деновите после тој датум, односно целиот месец декември, до крајот на годината. Првата активност на 3-ти Декември беше посета на ПОУ „Св. Климент Охридски" – Ново Село, во кое учат од прво до деветто одделение деца со интелектуална попреченост. Во рамки на оваа посета, стручните тимови на ЦПЛИП-ПОРАКА Струмица и училиштето разговараа за новите предизвици со кои се соочуваат децата, учениците и лицата со интелектуална попреченост, кои се новините во работата во училиштето, кои се програмските активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, се усвоија заклучоци за идни соработки на организацијата и училиштето и сл. Членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица во изминатиот период собираа облека која ја сортираа во посебни пакети за донација и истите ги донираа во училиштето за децата кои имаат потреба од облека, а се сместени во интернатот на училиштето. Исто така, се донираше и зимница, односно секој член донираше по 2 - 3 тегли зимница за кујната на училиштето. Беше предвидено учениците да имаат генерална проба, односно да ја одиграат претставата која ја подготвуваат по повод патронот на училиштето, а членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица истата да ја проследат. Но, бидејќи оваа претстава се изведе како дел од вечерната програма по повод 3-ти Декември, ова беше заменето со меѓусебна дружба на членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица со учениците и наставниот кадар. Главната активност за одбележување на 3-ти Декември беше вечерен настан со изложба на креации произлезени од серијата креативни работилници кои ЦПЛИП - ПОРАКА Струмица ги реализираше во текот на 2018 година. Овие работилници беа дел од програмските активности кои беа финансирани во еден дел од Општина Струмица преку V2 Програмата за социјална заштита - Трансфер до НВО за 2018 година, а во друг дел од РЦПЛИП – ПОРАКА. Програмските активности беа со наслов: „Преку креативност поблиску до социјална инклузија". Дел од изработените креации кои беа изложени на настанот беа со новогодишно-божиќни мотиви, изработки од глина, стакло и други материјали. Настанот се одржа во Дом на АРМ Струмица, во големата сала, со почеток од 18:00 до 19:30 часот. Пред официјалното отворање на изложбата и продажбата на креациите, најпрвин се даде краток осврт/говор за значењето на 3 Декември и правата на лицата со попреченост, како и за главната цел на реализација на програмските активности на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица и значењето на социјализацијата и инклузијата на лицата со попреченост во општеството, најмногу преку доближување до нивните врсници без пречки во развојот преку заедничко дејствување и работа. Потоа, ученици од ООУ „Видое Подгорец" и ООУ „Никола Вапцаров" – Струмица, се претставија со рецитали/мини драми за



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

еднаквоста на децата, во кои вклучени беа и членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, односно и лица со интелектуална попреченост, со што се пренесе порака за еднаквост, заедништво и потребата од поголема инклузија во сите пори на општеството. Исто така, на настанот се изведе и претставата на ПОУ „Св. Климент Охридски" – Ново Село. По завршување на настапите, гостите ги разгледуваа креациите и ракотворбите и ги купуваа. На овој настан беа присутни Градоначалникот на општина Струмица, г-н Коста Јаневски, членови на Советот на општина Струмица, Советникот на Претседателот на Владата на Република Македонија за лица со попреченост, г-н Спасе Додевски, директори, дефектолози, психолози, социјални работници и логопеди од основни и средни училишта од општина Струмица, родители, претставници на младински организации, невладини организации и други организации и институции. Покрај овие два настана, истиот ден беше одржана и средба со Градоначалникот на општина Струмица, г-н Коста Јаневски, на која присуствуваше претставник на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, како и претставници на други организации од областа на социјалната заштита и кои ги застапуваат правата на лицата со попреченост. На средбата се дискутираше за новите предизвици и проблеми со кои се сочуваат лицата со попреченост во локалната заедница, отпочнувањето на користењето на локален превоз за лицата со попреченост опфатени во училиштата и Дневниот центар за деца со посебни потреби, започнувањето со имплементацијата на новиот локален Акциски план за социјална заштита кој опфаќа проекти за подобрување на условите за живеење во локалната заедница за различни категории на лица со попречености, за потребата од справување на архитектонските бариери во градот, проширување на стручниот кадар во детската градинка за подобрување на работата со децата со попречености, за новиот Закон за социјална заштита и слични прашања и проблеми. Исто така, беше разговарано и за решавањето на прашањето со просторот каде се одвиваат активностите на Социјалниот Клуб на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, односно непостоењето на официјален договор за отстапување и користење на просторот од страна на Општината во корист на ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица, што остана како отворено прашање за разгледување на опциите и можностите и негово решавање, за што ЦПЛИП – ПОРАКА Струмица дополнително ќе се обрати до надлежните служби во Општината заради заедничко решавање.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш** со свои активности на локално ниво пригодно го одбележа 3 декември, Меѓународниот ден на лицата со попреченост. Програмата за одбележување на овој ден ги следеше насоките и годинешната тема предложена од Обединетите нации "Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". Се реализираа низа активности, од кои првата беше посета на ООУ „Коста Рацин" во с.Подареш. Корисниците на дневниот центар на ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш заедно со учениците од ова училиште присуствуваа на час по музичко образование и на час по ликовно образование при што



се запознаа и се обидоа да свират со најразновидни музички инструменти. На часот по ликовно образование заеднички нацртаа пораки, покажувајќи дека секој треба да ја почитува различноста во можностите и потребите. На 29.11.2018 година, корисниците на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш и нивни родители беа во посета на Градоначалникот на општина Радовиш, Герасим Конзулов. На средбата се разговараше за активностите кои се реализираат во оваа сервисна служба, но и за проблемите и потребите на овие лица во општината и начините за нивно надминување. На 3 Декември, во просториите на дневниот центар – ПОРАКА Радовиш, се одбележа меѓународниот ден на лицата со попреченост. Присутни беа голем број гости од локалната самоуправа, бизнис секторот, јавните институции на локално ниво, основните и средното училиште, невладини организации и родители на лица со интелектуална попреченост. За време на настанот се говореше за правата, потребите и можностите на лицата со попреченост, нивната инклузија во општественото живеење. ЦПЛИП – ПОРАКА Радовиш, во рамките на настанот, како знак на благодарност доделени благодарници на јавни институции, компании и поединци кои во изминатата година дадоа поддршка во функционирањето на сервисната служба и во унапредувањето на правата на лицата со интелектуална попреченост. Воедно, во просториите на дневниот центар беше поставена изложба на рачни изработки од корисниците, која беше од продажен карактер. Собраните средства ќе бидат наменски искористени за набавка на материјали потребни за реализација на работно-окупационите активности во дневниот центар.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка**, оваа година на 30.11.2018 година организираше настан во спортската сала на ООУ „Јоаким Крчовски" на кој присуствуваа градоначалникот на општина Крива Паланка и претставници на локалната самоуправа, директорот на Центарот за социјална работа заедно со дел од вработените, ученици и професори од основите и средните училишта во општината, лица со попреченост и нивните родители како и останати заинтересирани граѓани. Во салата беа изложени ликовните творби кои учествуваа на конкурсот спроведен од ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка во основите училишта во општините Крива Паланка и Ранковце на тема „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". Во текот на овој настан се проследија

## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА



програмите и настапите подготвени од училиштата и Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост во Крива Паланка. На крајот се прочитаа наградените литературни творби, а претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка ги додели признанијата на наградените ученици. Исто така, ЦПЛИП – ПОРАКА Крива Паланка реализираше посета на семејства кои имаат лице со попреченост и им беше донирана облека. На 3.12.2018 година пред просториите на Дневниот центар за лица со интелектуална попреченост, а во присуство на корисниците и други гости беа прикажани возилото и опремата на противпожарната единица од Крива Паланка кои се користат во интервенции.

**ЦПЛИП – Македонска Каменица**, оваа година по повод 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост организираше модна ревија на која членовите на организацијата беа манекени и манекенки. Модната ревија се одржа во Домот на културата во Македонска Каменица, а за време на ревијата членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица имаа и програма со песни и музика.



Настанот го помогнаа ученици и професори од СОУ „Миле Јаневски – Џингар" и КИЦ Романса – Македонска Каменица. Исто така членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Македонска Каменица оствариja средба со градоначалничката на општината, Соња Стаменкова, на која директно разговараа за проблемите и потребите на овие лица на локално ниво.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје** реализираше низа активности по повод меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 26.11.2018 година се спроведе работилница со студенти од Институтот за дефектологија при Филозофскиот Факултет и корисниците на услугите на дневните центри на ПОРАКА Скопје. На 27.11.2018 година се реализираше работилница со активистите на граѓанското здружение за морални и духовни вредности „Изгрев" и корисниците на услугите на дневните центри на ПОРАКА Скопје. На 29.11.2018 година, во Македонскиот народен театар корисниците на дневните центри на ПОРАКА Скопје го проследија петтото јубилејно издание на манифестацијата „Игри без граници – Театар без дискриминација". На 3.12.2018 година, претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје учествуваа на настан организиран од страна на Црвениот крст на Град Скопје по повод одбележувањето на меѓународниот ден на лицата со попреченост. На 5.12.2018 година ЦПЛИП – ПОРАКА Скопје учествуваше на НВО Саем на Град Скопје во просториите на Народната Универзитетска Библиотека „Св.Климент Охридски". На 8.12.2018 година со почеток во 20:00 часот во мултимедијалниот центар „Мала Станица" беше прикажан актерскиот перформанс „ОКСИГЕН", подготвен и режиран од страна на актери од „Театар Пи". Главни актери во оваа претстава беа десетина корисници на дневните центри на ПОРАКА Скопје.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Виница** овогодинешното одбележување на 3 декември го реализираше во соработка со Музејот „Теракота", а со поддршка од локалната самоуправа. За таа цел на 28.11.2018 година, а под мотото „Попреченоста во фокусот", беше организирана манифестација на која се презентираа активностите преземени во текот на годината во рамки на проект во кој заеднички учествуваа Музејот „Теракота", ЦПЛИП – ПОРАКА Виница и дневниот центар за лица со попреченост во Виница. Беше поставена изложба „Стара архитектура" со триесетина фотографии направени од лица со интелектуална попреченост, како и рачни изработки на овие лица. Изложбата беше од продажен карактер, а собраните средства наменети за дневниот центар за лица со попреченост во Виница. На завршницата од настанот настапија ученици од ООУ „Гоце Делчев" со забавна музичка програма, како и танцувачката група Dancers United MK. На 3.12.2018 година претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Виница оствариja средба со градоначалникот на општината, Ивица Димитров, на која се разговараше за потребите на лицата со интелектуална попреченост на локално ниво.



## Активности на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

**ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар** реализираше манифестација на која присуствуваа граѓани, членови на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар, претставници на локалните институции и бизнис секторот. На настанот присуствуваа и гости од Фондацијата Изгради ја иднината од Тирана, Република Албанија. За време на настанот се презентираа активностите на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар во изминатата година, како и идните активности кои се планира да се реализираат. Претседателот на ЦПЛИП – ПОРАКА Дебар говореше за проблемите на лицата со попреченост во општината, но се фокусираше и на правата и интересите на лицата со интелектуална попреченост, како и на придобивките кои ќе произлезат од процесот на инклузија на овие лица со секој аспект на социјалниот, економскиот, културниот и политичкиот живот во нивните заедници. Пред крајот на самиот настан, учениците од ООУ „Саид Најдени" се претставија со уметничка програма.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Велес** Меѓународниот ден на лицата со попреченост го одбележа во согласност и следејќи ја овогодинешната тема од Обединетите нации - „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост". Идејата беше да се прикажат способностите на лицата со интелектуална попреченост и истите успешно да се вклучат во општествената заедница. Поаѓајќи од тоа, тројца млади актери од НУЦК „ЈХК Цинот"- Велес (Талија Настова, Жарко Спасовски и Фаик Мефаиловски) и режисерот Ненад Витанов, склопија кратка претстава „Волк и мачор" во која активно беа вклучени ученици со интелектуална попреченост од ПОУ „Маца Овчарова"- Велес. Учениците во текот на месец ноември активно се спремаа и редовно одржуваа проби со нивните „колеги" од театарот. Претставата беше прикажана пред Градоначалникот на Општина Велес, претставници од УНИЦЕФ и претставници од други организации и јавни институции од градот и пошироко, пред соучениците од ПОУ „Маца Овчарова" и нивните родители, во склоп на одбележувањето на овој значаен ден, во просториите на ПОУ „Маца Овчарова". На 29.11.2018 година членовите на ЦПЛИП - ПОРАКА Велес традиционално учествуваа на Републичка грнчарска ликовна работилница, од инклузивен карактер, која по 22-ри пат се одржува во организација на ПОУ „Маца Овчарова", под покровителство на Општина Велес, а на која учествуваат ученици од сите посебни основни училишта и паралелки од земјата и ученици од редовните основни училишта од општините Велес, Чашка и Градско.



**ЦПЛИП – ПОРАКА Делчево**, оваа година 3 декември го одбележуваше во соработка со локалната самоуправа и центарот за социјална работа, поточно дневниот центар за деца со попреченост. Една од активностите беше присуство на театарска претстава „Збунетиот волк и Црвенкапа" што ја изведоа актери од штипскиот театар во кино салата во Делчево. На 3.12.2018 година во Домот на Културата – Делчево се постави ликовна изложба на цртежи од ученици од основните училишта во општината. Изложбата се организираше под мотото Денови на хуманост. На изложбата присуствуваа Градоначалникот на општина Делчево, претставници на локалната самоуправа и другите јавни институции, претставници на бизнис секторот и други заинтересирани граѓани. Изложбата беше медиумски покриена од страна на локалните медиуми. Во соработка со Црвен крст – Делчево се организираше акција за донирање облека која на 6.12.2018 година се однесе во Специјалниот завод – Демир Капија. За време на посетата претставниците на ЦПЛИП – ПОРАКА Делчево имаа можност да се видат со штитениците од Заводот кои се од нивната општина.

**ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци** го одбележа 3 декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост имајќи ја предвид овогодинешната тема „Зајакнување на лицата со попреченост и обезбедување инклузивност и еднаквост" и реализираше неколку активности. На 24.11.2018 година членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци беа во посета на манастирот „Св.Ѓорѓи" во близина на Неготино. На 30.11.2018 година беше организирана посета на противпожарната единица на општина Кавадарци. За време на посетата, членовите на ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци се запознаа со опремата која ја користат пожарникарите во нивната работа, а дел од нив беа накратко пуштени за да се види нивната функција. Последната организирана активност беше посета на театарот при Домот на културата во Кавадарци „Иван Мазов – Климе". Актерите ги прошетаа присутните низ просториите каде се изведуваат театарските претстави и во просторијата каде се чуваат костимите кои се составен дел од театарските претстави. Локалните медиуми ги покрија настаните кои ги организираше ЦПЛИП – ПОРАКА Кавадарци.

**ЦПЛИП - ПОРАКА Тетово**, по повод 3 Декември, меѓународниот ден на лицата со попреченост, реализираше неколку активности. Претставници на ЦПЛИП – ПОРАКА Тетово оствариja средба со Градоначалничката на општина Тетово, Теута Арифи, на која разговараа за проблемите и потребите на лицата со интелектуална попреченост во севкупниот општествен живот. Со почеток во 12 часот, во културниот дом „Иљо Антевски – Смок" Тетово, децата со интелектуална попреченост, ученици во посебните паралелки при ООУ „Лирија" и ООУ „Симче Настовски од с.Вратница, како и децата од Дневниот центар во Тетово имаа културно уметничка програма. Во рамки на основните училишта каде има посебни паралелки, учениците со интелектуална попреченост за своите соученици реализираа музички и танцови настапи и имаа поставени и ликовни изложби.

## Активности на РЦПЛИП - ПОРАКА

# Одржана работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации на РЦПЛИП - ПОРАКА

***Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА***

РЦПЛИП – ПОРАКА години наназад организира и одржува работилници на кои се разгледуваат и дискутираат изготвените SWOT анализи на локалните организации. SWOT анализата е структуриран метод за планирање на идните стратегии на организацијата, а воедно е мошне корисна и за проценување на актуелната состојба внатре во организацијата, со сите нејзини предности и слаби страни, но и можностите и заканите кои доаѓаат од опкружувањето во кое таа организација делува. Оваа алатка, доколку реално и објективно се изготви, ќе користи за изнаоѓање на начини и модуси за подобрување и надминување на слабите страни на организацијата со цел уште поефективно да делува во својата област. Исто така, претставува солидна основа за подготвување на реални и ефективни акциони планови на организацијата, како и на повеќегодишни стратешки планови.

Оваа година Републичкиот центар за поддршка на лица со интелектуална попреченост – ПОРАКА одржа работилница за разгледување на SWOT анализите и тековното оперативно работење на локалните организации. На овие работилници им претходеа состаноци на управните одбори во проширен состав на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА на кои се дискутирало за актуелните состојби во самите организации, и врз основа на донесените заклучоци се изготвиле и SWOT анализите.

Работилницата која ја спроведе РЦПЛИП – ПОРАКА се одржа во периодот 16-18 ноември 2018 година во хотел Континентал, Скопје на која учествуваа по двајца претставници од локалните организации.

Првиот дел од работилницата беше целосно посветен на разгледување на SWOT анализите од локалните организации. Секој од учесниците имаше можност да ја презентира изготвената SWOT анализа и да ги прикаже реалните состојби во организацијата и во општината со кои таа се соочува, но истовремено и потешкотиите со кои се соочуваат лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства во нивното опкружување. Понатаму, учесниците ги презентираа и активностите кои во моментот се актуелни во нивните организации, како и активностите кои планираат да ги преземат во наредниот период, а водат кон унапредување на квалитетот на живеење за лицата со интелектуална попреченост и нивните семејства. Тимот на РЦПЛИП – ПОРАКА, но и останатите учесници, по завршувањето на секоја презентација даваа забелешки и совети во однос на работењето на секоја од локалните организации, притоа истакнувајќи ги и



позитивните примери на успешно работење. Она што како сублимат произлезе од анализата на работењето на секоја организација беше дека треба да се размислува за заземање на поинаков пристап во осмислувањето и реализирањето на активностите. Потребно е да се изнаоѓаат нови видови на активности со цел да се унапреди соработката како со локалните власти, така и со останатите чинители во општината.

Последниот ден беше искористен за презентација на активностите кои РЦПЛИП – ПОРАКА ги реализираше во рамки на проектите и обуките во кои активно учествува. Претставниците на РЦПЛИП - ПОРАКА и на локалните организации кои зедоа учество во обуките ги презентираа своите стекната знаења и ги споделија нивните искуства и впечатоци.

Исто така, на работилницата беше презентиран и дискутиран новиот предлог Закон за социјална заштита и беа усогласени забелешките на РЦПЛИП – ПОРАКА по текстот на предлог законот.

Работилницата за SWOT анализи и оперативно работење има за цел консолидирање и унапредување на активностите и делувањето на локалните организации на РЦПЛИП – ПОРАКА. Тоа е од особено значење во градењето и одржувањето на партнерските односи со локалните власти, како би можеле активно да придонесуваат за унапредување на човековите права на лицата со интелектуална попреченост во местото на живеење и подобрувањето на квалитетот на нивното живеење.



## Активности на ЕДФ

# Се донесе политички договор за Европскиот акт за пристапност

# Актот не е доволно добар

**Институциите на ЕУ донесоа привремен договор за Европскиот Акт за пристапност. Актот ги изневери лицата со попреченост. Ја опфаќа само дигиталната пристапност и го изоставува вистинското опкружување во светот каде живеат лицата со попреченост.**

Европскиот акт за пристапност ќе додаде нови минимум барања низ цела ЕУ за пристапноста за ограничен опсег на производи и услуги. Беше предложен од Европската комисија во 2015 година, по водење на повеќе од десетгодишна кампања од страна на движењето за попреченост.

Голем број производи и услуги ќе треба да бидат пристапни и користени од милиони лица со попреченост во ЕУ; како на пример, компјутери, паметни телефони, телевизори, банкомати, платежни терминали, е-книги, веб страни и мобилни апликации на приватни компании и машини за билети. Бројот за итни случаи, 122, и телефонските услуги ќе треба да се пристапни за сите Европејци.

***Не се исполнија очекувањата***

И покрај се, во Актот недостасуваат суштински аспекти. Го исклучува транспортот. Ги исклучува микропретпријатијата кои обезбедуваат услуги. Ги исклучува домаќинските апарати. Исклучува каква било обврска за пристапни градби и инфраструктура. Го исклучува опкружувањето каде лицата го поминуваат најголем дел од своето време.

Yannis Vardakastanis, претседател на Европскиот форум за попреченост наведе „Државите членки на ЕУ ги изневерија своите граѓани со попреченост. Изгледа повеќе како Европска унија на бизниси, отколку Европска унија на луѓето."

Тој додаде „Државите членки на ЕУ треба да размислуваат и да гледаат многу повеќе отколку само опсегот на Актот, доколку сакаат да направат разлика. Треба да обезбедат дека лицата со попреченост мора да го имаат истиот пристап до места, производи и услуги како и сите други."

**Резолуција за Европскиот Акт за пристапност**
**Усвоена од Европскиот форум за попреченост**
**Виена, 17 ноември 2018 година**

**Разочарувачки закон кој што не го оправдува своето име**

Имајќи ја предвид важноста на предлогот за Европскиот Акт за пристапност за движењето за попреченост;

Потсетувајќи дека во Европската унија (ЕУ) живеат 80 милиони лица со попреченост и дека



пристапен единствен пазар кој што е свесен за демографските промени и за потребите на сите потрошувачи ќе биде од корист не само за лицата со попреченост, туку за сите граѓани;

Потенцирајќи дека пристапноста е клучен предуслов за уживање на основните права од страна на лицата со попреченост како што се инклузивно образование и вработување, самостојно живеење и лична автономија и слобода на движење, и дека лицата со попреченост во моментот не ги практикуваат слободно и во целост овие права;

Имајќи на ум дека ЕУ и државите членки ја ратификуваа Конвенцијата на Обединетите нации за правата на лица со попреченост, се обврзани да усвојат соодветни законски мерки за да се осигура правото на пристапност согласно членот 9 од Конвенцијата;

**ЕДФ изјавува дека:**

- Движењето за попреченост е разочарано со политичкиот договор кој беше донесен на 8-ми ноември 2018 година помеѓу институциите на ЕУ.
- Договорот, во сегашната форма, не ги оствари очекувањата во однос на одредени клучни одредби со што резултира со исклучување на милиони лица со попреченост од целосно учество во општеството на еднаква основа со другите поради недостигот на пристапноста до основните добра и услуги.
- Особено важни делови од опсегот, како што се изградената животна средина, транспортот, јавните набавки и другите акти на Унијата, изостанаа од потенцијалот на амбициозниот и сеопфатен Акт за пристапност.
- Постојат, сепак, неколку позитивни постигнувања, особено во областа на е-пристапноста и дигиталниот сектор, како што се барања за пристапност до компјутери, паметни телефони, телефони и служби за итни случаи, е-книги, е-трговија, банкомати, или терминали за плаќање.

## Активности на ЕДФ

- Поради тоа, прифаќаме дека актуелниот договор носи подобрување на статусот на ИКТ секторот, дури и ако не ги решава сите ограничувања во пристапноста со кои се соочуваат лицата со попреченост во нивниот секојдневен живот.
- Сега, ЕДФ гледа нанапред во иднината и бара државите членки во целост да се обврзат да ги надминат минималните обврски наметнати со Актот во својата транспозиција и фаза на имплементација на национално ниво.
- ЕДФ ќе овозможи целосна поддршка за своите членови да постигнат амбициозна транспозиција на Директивата во национален закон, особено за изградената животна средина.
- ЕДФ очекува креаторите на политики во ЕУ да продолжат со работата на Хоризонталниот еднаков третман (Директива од 2008 година), исто така наречена Директива за „Недискриминација", и нејзино брзо усвојување, вклучувајќи силно одредби за пристапност кои недостасуваат во Актот.
- ЕДФ ќе бара од Комитетот на ОН за правата на лица со попреченост да го оцени финалниот текст на законот во следниот преглед на Европската унија за имплементацијата на Конвенцијата на ОН за правата на лица со попреченост и да даде специфична препорака во однос на усогласувањето со Конвенцијата.

## Активности на ЕАСПД

# Европскиот столб за социјални права го има клучот за постигнување на приоритетите од Годишниот извештај за раст

На 21-ви ноември Европската комисија го издаде Годишниот извештај за раст за 2019 година, поставувајќи ги економските и социјалните приоритети за следната година. За Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД), Годишниот извештај за раст со право укажува на подобрувањата во европската економија, притоа признавајќи дека ова не е корисно за сите во општеството.

ЕАСПД ја повикува Европската комисија во поголема мера да го користи Европскиот столб за социјална права во поставувањето на своите економски и фискални политики.

Европскиот семестар е европски инструмент за политики кој има за цел подобро да ги координира националните економски политики низ Европа преку структуриран дијалог меѓу Европската комисија и државите членки. Како дел од овој процес, Европската комисија го публикуваше својот годишен извештај за раст 2019, истакнувајќи што тие сметаат дека се економски и социјални приоритети во Европа за следната година.

Шест месеци пред следните европски избори (23-26 мај 2019 година), Годишниот извештај за раст 2019 го одразува влијанието што Комисијата водена од Јункер го имаше врз европската економија од почетокот на нивниот мандат, истакнувајќи зголемување на вработеноста и непрекинат раст сепак признавајќи дека економијата не била корисна за сите граѓани и земји подеднакво.

Годишниот извештај за раст 2019, исто така, дава приоритет на три елементи како „клуч за просперитетна иднина":

(1) Пружање на инвестиции со висок квалитет,
(2) Фокусирање на реформи кои го зголемуваат продуктивниот раст, инклузивност и институционален квалитет, и
(3) Континуитет во обезбедувањето на макро-финансиска стабилност и цврсти јавни финансии.

Европската асоцијација на обезбедувачи на сервисни служби за лица со попреченост (ЕАСПД) ја увидува важноста од донесување на соодветни избори во политиките за да може да се пружа повисок и правичен раст, подобри работни места и посилен капацитет за да се олеснат влијанијата од глобалните економски циклуси, како што е наведено од страна на годишниот извештај за раст 2019.

ЗА Luk Zelderloo, генерален секретар на ЕАСПД, „соодветен избор на политики значи исполнување на Европскиот столб на социјални права. Столбот одговара на вистинските потреби на лицата низ цела Европа", додавајќи дека „од таа причина, Столбот треба да биде водечки компас за имплементација на трите елементи; перспектива која е малку слаба во годишниот извештај за раст 2019".

Претседателот на ЕАСПД, Jim Crowe, го поздравува акцентот на квалитетни инвестиции, тврдејќи дека „дополнителните инвестиции во создавањето на инклузивност на пазарите на трудот, образовните системи и сервисните служби за грижа и нега ќе бидат подобри за корисниците, економијата и јавните финансии": предупредувајќи дека „фискалните правила на ЕУ значеле токму спротивно: недоволно инвестирање во ваквите сервисни служби за поддршка. Без дополнителни поттикнувања за инвестиции во сервисните служби за поддршка , фискалните правила на ЕУ ќе продолжат да ги попречуваат трите приоритети на Комисијата и конкретната акција за столбот на социјални права".

Во текот на следната година, ЕАСПД ќе продолжи да работи со своите членови и партнери за да обезбеди прецизни информации за тоа кои мерки можат да помогнат на сервисните служби за нега и поддршка за лица со попреченост низ цела Европа да ги имплементираат европскиот столб на социјални права и трите приоритети за годишниот извештај за раст за во иднина.

# Наша Страница

## Театарски мултимедијален перформанс ОКСИГЕН

**Членовите на Театар Пи, Златко Митрески и Македонка Илиевска изминатиот период работеа на подготовка на мултимедијалниот проект „ОКСИГЕН“, во кој сите актери се  лица со интелектуална попреченост – корисници на дневните центри на РЦПЛИП – ПОРАКА во Скопје.**



**„ОКСИГЕН“ премиерно е одигран во НГМ Мала станица – Скопје на 08.12.2018 година, а во него низ серија на специфични актерски техники и процес на импровизација, се истражуваа можностите за создавање на театар со слики и приказни од секојдневниот живот на лицата со интелектуална попреченост. „ОКСИГЕН“ е четврт заеднички проект на Театар Пи со РЦПЛИП – ПОРАКА во кој повторно акцентот се става на способноста на лицата со интелектуална попреченост да бидат изведувачи - перформери и ангажирано, низ говорот на телото на сцена, да споделат со публиката еден интимен театарски чин.**

**Режијата и видео мапингот е на Златко Митрески и Македонка Илиевска. Камерман е Гаврило Миловановиќ. На фагот свири Јован Витанов.**

**Проектот беше финансиран од Град Скопје, а поддржан од НГМ Мала станица и Сара Фешн.**





ISSN 0350-5863

ПОРАКА